Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ........ 57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

| Примено: | 20 - 11 - 2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 1707 | - 349 | 2 | |

До:
проф. д-р Ристо Фотов, декан
Економски факултет
Универзитет Гоце Делчев Штип

ПРЕДМЕТ: Продолжение и дополнување на приговор по рефератот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет Гоце Делчев – Штип, објавен во Универзитетски билтен број 112 од 05. 11. 2013 (стр. 93 – стр. 116) по конкурс објавен на 11. 07. 2013 во весникот "Нова Македонија"

Врска: Приговор испратен на 11 ноември 2012

Почитувани

Поврзано со евалуацијата на рецензентската комисија а согласно Рефератот објавен од стр. 96 до стр. 116 во Универзитетски билтен, а како дополнување и продолжение на Приговорот испратен на 11 ноември 2012, во утврдениот рок го доставувам следниот

**ПРИГОВОР**

Во ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ на рефератот (на страна 112 на Универзитетскиот билтен бр. 112 од 5.11.2013), рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Љиљана Конеска ги исполнува критериумите за да биде избрана во звањето вонреден професор од наставно-научната област менаџмент. Укажувам дека во ИЗВЕШТАЈ на рефератот на страна 94 од билтенот е наведено дека кандидатката д-р Љиљана Конеска е доктор на економски науки а не на менаџмент како што се бара во објавениот конкурс. Во таа насока потсетувам дека во член 125 став 3 од Законот за високото образование се вели "За вонреден професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира". Имајќи предвид дека во конкурсот од 11.07.2013 објавен во "Нова Македонија" огласот е распишан за област менаџмент јасно е дека кандидатката не го исполнува овој законски услов односно критериум за селекција и соодветност на кандидатот и не би требало да биде евалуирана. Сепак, рецензентската комисија не го зела предвид овој член од Законот и ја вреднува кандидатката д-р Љиљана Конеска.

На страна 106 од овој билтен се наведува дека кандидатката д-р Маргарита Матлиевска се стекнува со звање доктор на менаџмент што значи дека кандидатката д-р Маргарита Матлиевска го исполнува условот пропишан во член 125 став 3 од Законот за високото образование за да биде избрана како вонреден професор во научната област менаџмент за која е распишан конкурсот.

Укажувам на член 25 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" Штип (објавен во Универзитетски гласник број 26 од 2013) во кој се вели дека изборот се врши во согласност со ИСЦЕД-овата класификација на УНЕСКО. Во неа

децидна е класификацијата на области на образованието и се гледа дека станува збор за две сосема различни области кои припаѓаат на две различни подрачја. Имено, според ИСЦЕД, областа економија припаѓа во подрачјето "социјална и бихејвиорална наука", додека пак областа менаџмент е во подрачјето "бизнис и администрација". Оттука станува јасно дека економија и менаџмент се две различни области и припаѓаат на две различни подрачја. Кандидатката д-р Маргарита Матлиевска го исполнува и овој услов наведен во погоре-наведениот Правилник. Но, според Реферартот кандидатката д-р Љиљана Конеска не го исполнува и овој услов односно критериум за соодветност во наставно-научната област за која е распишан конкурсот и не би требало да биде евалуирана. И покрај тоа, рецензентската комисија не го зема овој член од Правилникот на Универзитетот и ја вреднува кандидатката д-р Љиљана Конеска.

Во ИЗВЕШТАЈ од реферартот (на страна 93 од билтенот) рецензентската комисија наведува дека кандидатката д-р Љиљана Конеска меѓу другите достави и "диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд". Во ИЗВЕШТАЈ од реферартот (на страна 105 од билтенот) рецензентската комисија наведува дека кандидатката д-р Маргарита Матлиевска меѓу другите достави и "диплома за одбранет докторски труд". Со тоа рецензентската комисија се изјаснува дека кандидатката д-р Љиљана Конеска има соодветно образование поврзано со конкурсот.

Имајќи предвид дека рецензентската комисија не ги зема предвид овие со закон и со правилник на УГД утврдени услови односно критериуми за соодветност за избор, туку врши евалуација на кандидатката д-р Љиљана Конеска, во продолжение укажувам и на други, дополнителни неправилности.

Поврзано со учебниците:

- Во ИЗВЕШТАЈ (страна 99 од билтенот) рецензентската комисија го наведува универзитетскиот учебник Банкарски сметководствен систем од 2006 на кандидатката д-р Љиљана Конеска.
- Во ИЗВЕШТАЈ (страна 100 од билтенот) рецензентската комисија го наведува универзитетскиот учебник Финансиско сметководство од 2007 на кандидатката д-р Љиљана Конеска.
- Во ИЗВЕШТАЈ (страна 100 од билтенот) рецензентската комисија го наведува универзитетскиот учебник Управувачко сметководство од 2007 на кандидатката д-р Љиљана Конеска.
- Во ИЗВЕШТАЈ (страна 101 од билтенот) рецензентската комисија го наведува универзитетскиот учебник Сметководствен систем на финансиски институции од 2009 на кандидатката д-р Љиљана Конеска.

Евидентно е дека овие учебници не припаѓаат на областа менаџмент и се издадени во 2006 и 2007 година. И покрај овие факти, рецензентската комисија ги вреднувала во Прилог табела за вреднување на активности (на страна 113 од билтенот).

Поврзано со учебниците, укажувам дека согласно Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник од 26.01.2013) не е наведено дека доцент има работна должност да издава учебник. Имајќи предвид дека сум вработена како доцент на овој Универзитет, не сум имала работна должност издавање на учебник. Овој факт рецензентската комисија не го зела предвид.

Дополнително, во Правилата за издавање на ученици и учебни помагала на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник од 26.01.2013) се вели дека автори на основни учебници можат да бидат редовни и вонредни професори, а јас сум вработена како доцент. Овој факт рецензентската комисија не го зела предвид. Но, ова не било ограничувачко за кандидатката д-р Љиљана Конеска која според Рефератот е вработена од 2010 на Европски универзитет - Скопје.

Во Прилогот табела за вреднување на активностите на страна 113 од билтенот, на кандидатката д-р Љиљана Конеска и' се вреднувани вкупно 96 бодови од предавања прв и втор циклус.

Во прилогот табела за вреднување на страна 115 од билтенот на кандидатката д-р Маргарита Матлиевска и' се вреднувани вкупно 40 бодови од предавања прв и втор циклус.

Рецензентската комисија извршила евалуација на трудови од кандидатката д-р Љиљана Конеска кои не се од областа менаџмент за која е распишан конкурсот. Од извештајот на рефератот се гледа дека трудовите на кандидатката д-р Љиљана Конеска се за финансиски трансакции (страна 95 од билтенот), финансиски институции и услуги (страна 95 од билтенот), дизајнот како фактор за промоција на производите (страна 96 од билтенот), одговорноста на ревизорите (страна 97 од билтенот) итн. Имајќи ја предвид несоодветноста на трудовите со областа за која се врши изборот - менаџмент, сметам дека е неосновано што рецензентската комисија ги вреднувала овие трудови.

Во Извештајот на рефератот на страна 97 и на страна 98 од билтенот, рецензентската комисија наведува дека кандидатката д-р Љиљана Конеска има три прегледни трудови објавени во Зборник. Во Извештајот на рефератот на страниците 95, 96 и 97 од билтенот рецензентската комисија наведува дека кандидатката д-р Љиљана Конеска има пет трудови на конференции организирани од Универзитетот на кој кандидатката д-р Љиљана Конеска е вработена и објавени во зборници на трудови. Овие осум трудови (три прегледни и пет од конференции) во Прилогот табела за вреднување на активностите се двапати вреднувани и тоа: на страна 114 од билтенот точка 3 – каде овие осум трудови се вреднувани како прегледни, како и на страна 115 од билтенот точка 6 – каде повторни истите осум трудови се по втор пат вреднувани како трудови објавени во зборник. Сметам дека оваа неправилност укажува на тенденциозност и пристрасност на рецензентската комисија во насока на обезбедување поголем број поени за кандидатката д-р Љиљана Конеска.

Во Прилогот табела за вреднување на активностите на страна 113 од билтенот точка 11 наведените менторства за три одбранети докторски дисертации не соодветствуваат со податоците наведени во Извештајот на рефератот. Имено, во Прилогот табела за вреднување на активностите на кандидатката д-р Љиљана Конеска наведени се три менторства и истите се вредувани, а во Извештајот од рефератот на страна 104 од билтенот точка 31 само едно менторство. Ова повторно упатува на неправилност при евалуацијата на рецензентската комисија.

Во Прилогот табела за вреднување на активностите на страна 113 од билтенот точка 11 се наведени одлуки со идни датуми како на пример: 07.12.2013 и 15.12.2014, што е во спротивност со физичките закони. За овие одлуки рецензентската комисија дала бодови!

На страна 114 од билтенот точка 12, одлуката број 02-324/1 е нотирана два пати во две различни години и тоа на 07.12.2011 и на 07.12.2012.

Од Извештајот на референтот а согласно одлуките за ментор на магистерски трудови, се согледува дека кандидатката д-р Љиљана Конеска е ментор на 16 магистерски труда. Во Прилогот табела за вреднување на активностите на страна 114 од билтенот точка 12 рецензентската комисија вреднувала дури 22 менторства на магистерски трудови, со што неосновано и' се дадени бодови на кандидатката д-р Љиљана Конеска.

Погоре наведеното имплицира на пристрасност на рецензентската комисија кон кандидатката д-р Љиљана Конеска, ставајќи ги во подредена положба останатите пријавени кандидати.

Во Извештајот на референтот на страна 104 од билтенот се наведуваат научно-истражувачките проекти во кои кандидатката д-р Љиљана Конеска била ангажирана. Според Извештајот, проектите се за жената низ народниот вез, на заштита на рибниот фонд, и на сметководство, кои ни оддалеку не се од областа менаџмент. Дополнително, не се наведува во која година кандидатката д-р Љиљана Конеска била ангажирана на овие проекти. Во Извештајот на референтот на страна 115 од билтенот точка 13 рецензентската комисија ги вреднувала овие проекти.

Рецензентската комисија на страна 115 од билтенот неоправдано вреднувала проект од 1998 во корист на кандидатката д-р Љиљана Конеска.

Со ова повторно се остава сомнеж за фаворизирање и пристрасност од страна на рецензентската комисија.

Рецензентската комисија во Извештајот на референтот наведува и одлуки од 2007 година. Така, на страна 105 од билтенот се наведува Одлука бр.0306/098 од 24.9.2007. На страна 113 од билтенот се наведува оваа одлука но датирана на 24.07.2007. Како и да е, била вреднувана од страна на рецензентската комисија.

Рецензентската комисија во Извештајот на референтот не го навела целокупниот ангажман на доц. д-р Маргарита Матлиевска на кое таа има право да биде објавен но не и вреднуван. Ова повторно упатува на сомневање во причините заради кои рецензентската комисија ги наведува активностите на кандидатката д-р Љиљана Конеска но не и на кандидатката д-р Маргарита Матлиевска. Рецензентската комисија ги вреднува активностите на кандидатката д-р Љиљана Конеска од 1998 и 2007 а на кандидатката д-р Маргарита Матлиевска не и' ги ни споменува. Со тоа, сметам дека рецензентската комисија била селективна во пристапот на вреднување на пријавените кандидати.

Во документацијата која по распишаниот конкурс ја доставив, во целост и детално беше приложена целокупната моја научно-истражувачка, наставно-научна и стручно-апликативна дејност.

Меѓу останатите документи, приложив 28 научни трудови од кои рецензентската комисија на страна 106 до 109 од билтенот ги наведува со прескокнување. Имено, ги има трудовите со реден број 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 11, 14, 15, 16 и 27. Но, ги нема трудовите со редни броеви 6, 9, 10, 12, 13, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 28, иако на страна 116 од билтенот ги вреднувала сите.

Иако во Извештајот од референтот на страна 109 и на страна 110 од билтенот наведени се седум стручни награди и признанија на д-р Маргарита Матлиевска, истите не се вреднувани во Прилог табела за вреднување на активностите на страна 116 од билтенот точка 17 со што повторно е очигледна пристрасноста на рецензентската комисија.

На страна 109 од Билтенот наведено е дека кандидатката д-р Маргарита Матлиевска била ангажирана во проект, но истиот не е вреднуван во табелата на страна

116 од билтенот точка 13. Тоа повторно укажува на неправилност при вреднувањето на рецензентската комисија.

Укажувам дека во Заклучок и предлог на страна 112 од билтенот рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да се усвои нејзиниот предлог и кандидатката д-р Љиљана Конеска да ја избере во звање вонреден професор во наставно-научната област менаџмент наведувајќи дека кандидатката д-р Љиљана Конеска ги исполнува критериумите од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип (Универзитетски гласник бр. 26 од јануари 2013 година), што не е во согласност со она што го навела во Рефератот.

Во Заклучок и предлог на страна 112 од билтенот не е наведено дека кандидатката д-р Маргарита Матлиевска ги исполнува условите предвидени со Законот на високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за да биде избрана во вонреден професор во наставно-научната област менаџмент. Ова повторно упатува на тенденциозност од страна на рецензентската комисија.

Сето погоре наведено укажува на непочитување на Законот за високото образование и на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Гоце Делчев Штип.

Сето погоре наведено укажува на селективност во пристапот, фаворизирање и пристрасност од страна на рецензентската комисија, што меѓу другото е спротивно и на одредби од универзитетскиот Етички кодекс (објавен во Универзитетски гласник број 18, јануари 2011).

Укажувам и на прекршувањата направени во текот на постапката на распишување на конкурсот меѓу кои и ненавремено донесување на одлука за распишување на конкурс, ненавремено распишување на конкурс и донесување на Одлука за смена на член на рецензентската комисија на седница на наставно-научен совет која не е одржана на датумот 04 номври 2013, бидејќи ваквиот начин на водење на постапката поврзана со Конкурсот може да резултира да ја изгубам работата неосновано и не по моја вина.

Со почит,
Маргарита Матлиевска

Скопје, 18.11.2013

Доставено до:
Проф. д-р Круме Николоски
Проф. д-р Јован Пејковски
Проф. д-р Трајко Мицески
Архива на Универзитет Гоце Делчев Штип
Архива на Економски факултет при Универзитетот Гоце Делчев Штип

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 15-11-2013
1707-349/1

До:
Ристо Фотов
Круме Николовски
Трајко Мицевски
Љубомир Дракулевски
Јован Пејковски

Предмет: ПРИГОВОР по рефератот објавен во универзитетски билтен по конкурсот објавен на 11 јули 2013 (четврток) во весникот "Нова Македонија"

Почитувани

Поврзано со рефератот на рецензентската комисија објавен во ноемврискиот број во 2013 на Универзитетскиот билтен поставен на веб страната на Универзитетот Гоце Делчев (интернет издание) на ден 11. 11. 2013, го доставувам следниот приговор

Конкурсот е објавен на конкурсот објавен на 11 јули 2013 (четврток) во весникот "Нова Македонија" (прилог 1).

Имено, избрана сум за наставник од областа менаџмент согласно Одлука број 0210-67/83 од 18. 11. 2008 година (Одлука за избор на наставник од областа менаџмент на Економски факултет при Универзитетот Гоце Делчев – Штип). (копие од Одлуката – прилог 2).

Со Договор за вработување број 0307-193/138 од 11.12.2008. засновав работен однос на неопределено време на ден 11. 12. 2008 на работно место доцент (копие од Договорот - прилог 3).

Согласно Анекс на Договорот за вработување (анексот е заведен под број 0402-13/145 од 08.07.2009, копие од Анексот - прилог 4) распоредена сум на матичната Катедра за менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип.

Во рефератот од рецензентската комисија предност и' се дава на кандидатката Љиљана Конеска, доктор по економски науки. Укажувам дека во член 125 став 3 од Законот за високото образование се вели "За вонреден професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира". Согласно Конкурсот објавен на 11 јули 2013 во "Нова Македонија" тој е распишан за област менаџмент, што значи дека кандидатката не го исполнува овој услов. Во член 25 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Гоце Делчев Штип (објавени во Универзитетски гласник број 26 од 2013) се вели дека изборот се врши во согласност со ИСЦЕД-овата класификација на УНЕСКО. Имајќи го ова предвид, како прилог 5 доставувам изведок од истата, од кој е евидентно дека областа економија припаѓа во "31 општествени и бихејвиорални науки" - (31 Social and

behavioural science) додека областа менаџмент е во "34 бизнис и администрација" - (Business and administration), што значи дека се две посебни области. Согласно член 43 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Гоце Делчев Штип (објавени во Универзитетски гласник број 26 од 2013), барам писмено да бидам известена согласно која класификација комисијата утврдила дека кандидатката Коневска има соодветен докторат во област менаџмент, бидејќи од горенаведеното произлегува дека нема.

Воедно, ја користам оваа прилика да известам за досега воочените нерегуларности поврзани со конкурсот објавен на 11-ти јули 2013 година во "Нова Македонија", кои сметам дека се направени на моја штета.

Имено, согласно законските прописи, и согласно укажувањето од секретарот за работни односи при Универзитетот Гоце Делчев (укажувањето-прилог 6), уште во мај требаше да се отпочне постапката за "избор/реизбор на доц. д-р Маргарита Матлиевска со донесување на одлука за распишување на конкурс". Но, одлука за распишување на конкурс се донесе на 56-тата седницанаНаставно-научниот совет одржана на 02.07.2013 година (копие од дневниот ред на 56-тата седница – прилог 7). Со ова, не се почитувал член 23 став 3 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Гоце Делчев Штип (објавен во Универзитетски гласник број 26 од 2013),

Како последица на ненавременото донесување на одлуката, конкурсот се распиша на 11 јули 2013.Со тоа, направен е прекршок на член 64 (став 3, алинеа 7) од Законот за високото образование, согласно кој деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција, распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, наставно-уметнички, научни и наставни звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани. Имајќи предвид дека сум избрана на 18-ти ноември 2008 година, конкурсот требаше да се распише најдоцна на 18-ти мај 2013 година. Со неговото распишување на 11-ти јули 2013 направено е доцнење од скоро два месеци. Со ова, не се испочитувани ниту Правилата за усогласена примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Гоце Делчев Штип (објавени во Универзитетски гласник број 26 од 2013), кои се однесуваат на редовен избор во повисоки звања (3.1, и 3.2 став 1).

Воедно, известувам и за определени нејаснотии поврзани со составот на рецензентската комисија. Имено, примерокот од Одлуката за формирање на Рецензентска комисија по објавениот конкурс е заведена под број 1707- ??? (нечитко) од 22. 08. 2013, согласно која во рецензентската комисија се избираат: д-р Круме Николоски, претседател, д-р Љубомир Дракулески, член и д-р Трајко Мицески, член. Оваа Одлука, како што во неа се наведува е врз основа на 57-мата седница на Наставно-научниот совет одржана на 13 август 2013 (примерок од Одлуката прилог 8). Сите членови на рецензентската комисија се на предлог на деканот. Токму затоа останува нејасно зошто е сменет член од рецензентската комисија. Имено, според мои сознанија,на 28-

ми октомври 2013 година одржан е состанок на Економски факултет, на кој деканот предлага да се смени еден член на рецензентската комисија. За овој состанок никој од професорите на факултет немаат добиено писмено известување, ниту дневен ред, ниту дека на тој состанок ќе се разгледува точка за промена на член на комисијата. Прашањето е и дали воопшто состанокот одржан на ваков начин може да се смета за официјален односно да се смета за седница на Наставно-научен совет. И покрај тоа, според сознанијата со кои располагам, на тој состанок еден член на рецензентската комисија (проф. д-р Љубомир Дракулевски) е сменет со друг (проф. Д-р Јован Пејковски) без никакво образложение. Немам добиено ниту официјално известување, ниту допис поврзан со оваа промена, а најмалку Одлука за формирање на рецензентска комисија во друг состав на ден 28-ми ноември 2013.

Со ненавременото донесување на одлука за распишување на конкурс, со повреда на Законот за високото образование што се однесува на обврската за распишување на конкурс, со начинот на промената на членовите на рецензентската комисија и неизвестувањето за промената, со донесувањето на одлуки кои не се поткрепени со официјални документи (одлуки, решенија), сметам дека освен погоре наведените, се повредени и други членови од Законот за високото образование, од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Гоце Делчев Штип и од Правилата за усогласена примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Гоце Делчев Штип.

Особено укажувам на членот 134 став 1 од Законот за високото образование согласно кој доцент, вонреден и редовен професор се избираат за време од пет години, а согласно член 137 став 2 од истиот закон на лицето кое не е избрано во звање му престанува работниот однос. Со досегашниот тек на постапката по конкурсот, се загрозува моето работно место.

Од причините кои се погоре наведени би можело да резултира да ја изгубам работата неосновано, спротивно на постојните прописи и не по моја вина.

Со почит, Маргарита Матлиевска

11.11.2013